# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 08 Јуни 2018 година Скопје Бр.8 Год. XIII |
| --- | --- |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за давање согласност на измена и дополнување на План за вработување 2018 година.стр.2
2. Измена и дополнување на Правилник за начинот на користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров ........стр.4
3. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за класификација на спортски објекти ........стр.8
4. Тарифник за измена и дополнување на Тарифникот со кој се утврдува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров........стр.11
5. Извештај за идентификација на проекти со модели на ЈПП во Општина Ѓорче Петров........стр.13


Јуни 2018 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на измена и дополнување на План за вработување за 2018 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на измена и дополнување на План за вработување за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесеттата седница на Советот, одржана на ден 08.06.2018 година.

**Број 09-2131/1**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14 и 27/16), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на 08.06.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2018 година**

**Член 1**

Со Одлуката се дава согласност за Измена и дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, број број 04-967/1 од 03.04.2017 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2003/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 08.06.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилникот за измена и дополнување на Правилник за начинот на користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Правилникот за измена и дополнување на Правилник за начинот на користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Единаесеттата седница на Советот, одржана на ден 08.06.2018 година.

**Број 09-2131/2**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 став 3 и 67 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр. 05/02), член 22-а став 1 алинеа 3, член 63 и член 65 од Законот за Спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/02, 66/02, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14,138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16.), Уредба за начинот на користење на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија и единиците на локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр. 27/2016), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на ден 08.06.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**За измена и дополнување на Правилникот за начинот на користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров објавен во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 12/17, се врши измена и дополнување и тоа во членот 2 по ставот 1 се додава став 2 кој гласи:

Објектите за спорт може да се издаваат на користење на подолг период од една (1) година, ако корисникот има намера да вложи сопствени финансики средства за опремување и одржување на спортскиот објект или поставување на друга опрема во негова близина, која опрема е во функција на подобрување на условите за организирање на спортски и рекреативни активности.

**Член 2**

Во членот 6 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

За издавање на објектите за спорт на користење за подолг период од една (1) година, со вложување на сопствени финансиски средства од страна на корисникот, се објавува јавен повик во електронските или печатените медиуми.

**Член 3**

По членот 7 се додаваат шест нови члена и тоа член 7-а, 7-б, 7-в, 7-г, 7-д и 7-ѓ кои гласат:

**Член 7-а**

Општината на корисникот на спортскиот објект кој има намера да вложува сопствени финансиски средства му издава писмена согласност.

**Член 7-б**

Доколку на корисникот му се издаде писмената согласност предвидена во член 7-а, корисникот може да го користи спортскиот објект подолго од една (1) година, но не повеќе од десет (10) години, односно во зависност од вложените финансиски средства и тоа:

| За вложување од: ( во денарска противвредност) | Времетрање на договорот |
|---|---|
| **Мин. 3.000 евра** | **2 години** |
| **Мин .4.000 евра** | **3 години** |
| **Мин. 6.000 евра** | **4 години** |
| **Мин. 9.000 евра** | **5 години** |
| **Мин. 12.000 евра** | **6 години** |
| **Мин. 15.000 евра** | **7 години** |
| **Мин. 25.000 евра** | **8 години** |
| **Мин. 30.000 евра** | **9 години** |
| **Над 30.000 евра** | **10 години** |

**Член 7-в**

Општината на корисникот на спортскиот објектот во периодот на вложувањето на сопствените финасиски средства за опремување, ќе му определи грејс период од 6 до 12 месеци зависно од висината на средствата кои ги вложува во кој нема да плаќа месечен надоместок за користење на спортскиот објект, а по истекот на грејс периодот ќе се направи пребивање на месечниот надоместок за користење на спортскиот објект со дел од вложените финансиски средства, а потоа ќе продолжи редовно да го плаќа месечниот надоместок или вложените финансиски средства ќе се пребиваат со месечниот надоместок за користење на спортскиот објект и по престанокот на рокот за користење опремата останува во сопственост на општината.

**Член 7-г**

Вредноста на вложените финансиски средства ќе ја утврдува овластен проценител ангажиран од страна на општината.

**Член 7-д**

Висината на месечниот надоместок и другите права и обврски ќе бидат регулирани со договорот склучен помеѓу корисникот и општината.

**Член 7-ѓ**

По истекот на времетраењето на договорот, доколку општината се одлучи повторно да објави оглас за склучување на нов договор, корисникот ќе има право на предимство при исти услови во однос на други заинтересирани корисници.

**Член 4**

Во член 8 став 1 се додава нова алинеа која гласи :

- можност за вложување на сопствени финасиски средства и се додава нов став 2 кој гласи:

Согласност за објавување на јавениот повик за издавање на спортски објект со вложување на сопствени финансиски средства од страна на корисникот, дава Советот на општината.

**Член 5**

Правилникот за измена и дополнување на Правилник за начинот на користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2003/4**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлука за класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката измена и дополнување на Одлука за класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесеттата седница на Советот, одржана на ден 08.06.2018 година.

**Број 09-2131/3**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 65 став 14 од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16.), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров “ бр. 13/14) , Советот на општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на ден 08.06.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена и дополнување на одлуката за класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се врши измена и доплнување на член 4 од Одлуката за класификација на објектите за спорт од локално значање во сопственост на Општина Ѓорче Петров број 08-2354/4 од 29.08.2017 година, објавена во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 12/17, на тој начин што во табела 1 после точка 9 се додаваат пет(5) нови точки 10,11,12,13 и 14 кои гласат:

| Реден број | Спортски објект | Адреса-место | Класификација |
|---|---|---|---|
| 10. | Игралиште за мал фидбал, ракомет и кошарка | ул.„Христо Батанџиев“ УЗ.„Мирче Ацев“ | Повеќенаменско спортско игралиште |
| 11. | Игралиште за мал фидбал, ракомет и кошарка | ул.„Тиранска“ УЗ.„Даме Груев“ | Повеќенаменско спортско игралиште |
| 12. | Игралиште за мал фидбал, ракомет и кошарка | ул.„Смилевска“ УЗ.„Дексион“ | Повеќенаменско спортско игралиште |
| 13. | Игралишта за мал фудбал во дворовите на ООУ | ООУ„Мирче Ацев“,ООУ„Страшо Пинџур“, ООУ„Ѓорче Петро“, ООУ„Димитар П.Г.Беровски“ООУ„Тихомир Милошевски“ | Спортски игралишта за мал фудбал и ракомет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Игралишта за мал фудбал,ракомет и кошарка | „Бранители во МЗ„Волково“ МЗ„Волково-Пржина“ кај последна 22 МЗ„Орман“ и МЗ„Никиштани“ | Повеќе наменски спортски игралишта |

**Член 2**

Одлуката за измена и доплнување на Одлуката за класификација на објектите за спорт од локално значање во сопственост на Општина Ѓорче Петров, стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2003/5**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Тарифникот за измена и дополнување на Тарифник со кој се утврдува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Тарифникот за измена и дополнување на Тарифник со кој се утврдува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Единаесеттата седница на Советот, одржана на ден 08.06.2018 година.

**Број 09-2131/4**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 65 од Законот за спорт („Службен Весник на Р.М." бр. 29/02, 66/02, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13,42/14,138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16.), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на ОпштинаЃорче Петров" бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на ден 08.06.2018 година, донесе

**Т А Р И Ф Н И К**
**За измена и дополнување на Тарифникот со кој се утврдува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Тарифникот со кој се утврдува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт сопственост на општина Ѓорче Петров број 08-2354/6 од 29.08.2017 година, објавен во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 12/17, на начин што во член 6 се додава нов став кој гласи:

Висината на надоместокот за користење за користење на тениските игралишта во дворот на ООУ „Мирче Ацев", доколку се издаваат на подолг период, неможе да биде понизок од 200 евра месечно.

**Член 2**

После членот 7 се додаваат ... члена 7-а,7-б, кои гласат:

**Член 7-а**

Висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во Месните заедници на територијата на општина Ѓорче Петров, не може да биде понизок од 100 евра месечно.

**Член 7-б**

Висината на надоместокот за користење на повеќе наменските спортски игралишта во урбаниот дел на општината, односно повеќенаменските спортски игралишта и игралиштата за мал фудбал во ООУ, неможе да биде понизок од 200 евра месечно.

**Член 3**

Тарифникот за измена и дополнување на Тарифник со кој се утврдува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт сопственост на општина Ѓорче Петров стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2003/5**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за идентификација на проекти со модели на ЈПП во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за идентификација на проекти со модели на ЈПП - Јавно приватно партнерство во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Единаесеттата седница на Советот, одржана на ден 08.06.2018 година.

**Број 09-2131/5**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " Бр. 05/02 ), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница , одржана на ден 08.06.2018 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за идентификација**
**на проекти со модели на ЈПП во Општина Ѓорче Петров**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за идентификација на проекти со модели на ЈПП - Јавно приватно партнерство во Општина Ѓорче Петров.

2. Извештајот од точка 1 е составен дел на овој Заклучок.

3. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2003/6**
**од 08.06.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за идентификација на проекти со модели на ЈПП во општина Ѓорче Петров**

Врз основа на иницијативата на Градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Алексанадар Наумоски за реализација на развојни преокти во општината со воспоставување на партнерства со бизнис секторот преку модели на ЈПП се пристапи кон идентификација на проекти кои може да се реализираат со модели на ЈПП. Имајќи во предвид дека проектите ќе се подготвуваат и реализираат врз основа на одредбите од Законот за концесии и Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП), каде врз основа на член 16 став 2 алинеа 1 е потребно да се изработи Извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП. Ваков Извештај беше изработен за ЈПП проектот за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров за кој имаше доволно податоци од Програмата за ЕЕ и беше прифатен од страна на Советот на општина Ѓорче Петров. Сепак од страна на тимот за подготовка и спроведување на проектите се процени дека за изработка на извешати за други проекти нема доволно податоци и затоа се пристапи кон изработка на оваа информација со цел да се обезбеди јавност и транспарентност, да се запознае Советот на општината и да се обезбеди пристап за подготовка на документација за реализација на ЈПП проектите, односно да се бара консултатнтот да изработи Извештај, Физибилити студија, тендерска документација, нацрт Договор и друга потребна документација согласно подзаконските акти (Уредбите) од Законот за концесии и Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП),
Во процесот на идентификација се користеа повеќе методи на истражување, но главно се базираше на анализа на постојни развојни документи како што се Стратегија за ЛЕР, ЛЕАП, Програма за ЕЕ и други развојни документи и програми за развој. Истотака се направија интервијуа со Градоначалникот, раководители на сектори и одделенија во општината, како и со одредени потенцијални инвеститори кои ги даваат своите иницијативи на работни средби кај Градоначалникот.
Врз основа на истражувањето се идентификувани следниве типови на проекти и тоа:

- Тип 1, Вертикални проекти кои може општината самостојно да ги реализира со воспоставување на ЈПП,
- Тип 2, Хоризонтални проекти кои може општината да ги реализира со воспоставување на ЈПП во соработка со други институции,

Во продолжение е дадена табела со потенцијални ЈПП проекти од Тип 1 и Тип 2 кои се идентификувани при истражувањето од страна на проектниот тим.

**Табела: Идентификувани типови на ЈПП проекти и степен на изводливост**

| **Тип на проект** | **Име на ЈПП проект** | **Документација** | | **Степен на изводливост** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Анализа** | **Студија** | |
| | Модернизација на јавно осветлување | Да | Не | Висока |
| | Изградба и управување на | Делумна | Не | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тип 1** | услужни сервис центри (месни заедници) како административно-деловни објекти | | | Висока |
| | Модернизација и управување со системот на топлинска енергија во ООУ Димитар Поп Ѓоргиев Беровски | Делумна | Не | Средна |
| | Изградба и управување на спортско рекреативен деловен комплекс | Делумна | Не | Средна |
| | Спортско рекреативен комплекс за социјална инклузија | Делумна | Не | Средна |
| | Модернизација на културен центар | Делумна | Не | Средна |
| **Тип 2** | Изградба и управување на `повеќенаменски комплекс за јавни услуги` ЈУДГ и ЈЗУ Дексион | Да<br>МоС<br>МТСП<br>МЗ | Не | Средна |
| | Модернизација на постојни објекти на соодветни државни институции | Нема | Не | Средна |

**Заклучок**

Генерален заклучок е дека Општина Ѓорче Петров има потенцијал за развивање на ЈПП преокти пред се поради потребата од реализација на проектите во функција на подобрување на јавните услуги, преку воспоставување на ЈПП, а пред се поради недоволните технички и финансиски капацитети.

Врз основа на претходно кажаното се предлага на Советот на Општина Ѓорче Петров да донесе заклучок за прифаќање на овој Извештај и му препорачува на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да:

- Пристапи кон изработка на проектни задачи за изработка на Физибилити студии за проекти од Тип 1 и Тип 2, по редослед на содавање на реални услови за подготовка и реализација на ЈПП проект,
- Спроведе јавна набавка за избор на консултант за изработка на Физибилити студии,
- Се потпишат меморандуми за соработка и партнерства за спроведување на хоризонтални (Тип 2) проекти со други институции во чија надлежност е опфатот на ЈПП проектот,
- Формира Економски Совет за развој и партнерство со претставници на бизнис секторот, невладиниот сектор, јавните институции и други чинители со цел да се воспсотави добра комуникација и соработка со општината во функција на развој на проекти.

- Воспостави Центар за соработка со НВО и граѓански инцијативи за подготовка и спроведување на проекти кои се финансираат од домашни и меѓународни програми и донатори.
- Јавно, транспарентно водење и промовирање на ЈПП проектите, како и
- Други активности во функција на успешна подготовка и реализација на ЈПП проекти.

**Изработил:**
Оделение за заштита на животна средина
и енергетска ефикасност
Саша Максимовски и Иван Марковски